РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2428/2
04-02-2022

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на првото продолжение на 60-тата седница одржана на ден 28.01.2022 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр. 08-2428/1 од 13.07.2020 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-2428/1 од 13.07.2020 година.

Предметот со број 08-2428/1 од 13.07.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-2428/1 од 13.07.2020 година е оформен по пријава од непознат подносител.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето __________ во законски предвидениот рок од 30 дена по избор на функцијата член на Државен совет за превенција на детско престапништво не поднел Анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците (Сл. весник на РСМ бр.96/19) ДКСК нема законски основ да поведе прекршочна постапка.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**